Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Примено: 16-9-2021
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
02-1678/3

На седницата на Институтот за математика одржана (електронски) на 15.09.2021 година, Стручниот совет ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**Предмет.** Одредување на диференцијални испити при упис на студиската програма на втор циклус студии по **Применета математика – Математичко моделирање и оптимизација** (акредитација 2019/2020)

Според условите за запишување на студиите одредени со елаборатот на студиската програма на втор циклус студии по **Применета математика – Математичко моделирање и оптимизација**, доколку студентите немаат завршено прв циклус студии по математичко програмирање или математичка економија (акредитација 2012/2013 и постари), односно студии по применета математика или актуарска и финансиска математика (акредитација 2018/2019), односно додипломски студии (стари студии VII/1) по теориска математика или наставна математика, им се одобрува запишување на студиската програма на втор циклус студии по **Применета математика – Математичко моделирање и оптимизација** со евентуално дополагање на диференцијални испити.

Се одобрува запишување на на судиската програма на втор циклус студии по **Применета математика – Математичко моделирање и оптимизација**, доколку во Уверението за положени испити студентот ги положил предметите:

1. Вовед во математичка анализа
2. Математичка анализа 1
3. Линеарна алгебра
4. Метрички простори
5. Математичка анализа 2
6. Математичко програмирање
7. Диференцијални равенки 1

од прв циклус студии на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, акредитација 2018/2019 или нивни еквиваленти.

Доколку студентот нема положено некој од предметите од горната листа или нивни еквиваленти, се одобрува запишување на втор циклус студии на Институтот за Математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје на студиската програма **Применета математика – Математичко моделирање и оптимизација**, при што непризнаените предмети од горната листа треба да ги запише како диференцијални предмети.

Раководител на Институтот за математика

Проф. д-р Ирена Стојковска

Стојковска